# Информација за **македонската** заедница

16-иот Национален попис на населението и домаќинствата на Австралија ќе се одржи во **вторник на 9ти август 2011 г**.

Целта на овој попис е точно да се изброи населението и да се добијат некои главни карактеристики на жителите на Австралија и условите во кои живеат на ноќта на пописот. Со пописот се собираат информации кои се однесуваат за секој член од секое семејство во државата, но не ги зема во предвид приватните податоци на поединци.

Јавноста очекува дека информацијата што тие ќе ја кажат ќе се чува доверливо и ова е обезбедено преку Законот за попис и статистика донесен во 1905 г. Сите вработени во Бирото за статистика се законски обврзани на доверливо делување и никогаш не смеат да идентификуваат лични податоци на поединци или организации надвор од Бирото за статистика. Доколку некој службеник го прекрши овој закон, може да добие парична казна или затвор.

За да можеме да обезбедиме точна идентификација на македонската заедница, потребно е секој човек внимателно да одговори на сите прашања во прашалникот во 2011 г.

Австралиско-македонскиот комитет за човекови права со претходно консултирање на претставници од соодветни државни институции, ги има идентификувано следните четири прашања што се важни за македонската заедница.

*Брошурава беше подготвена од:*

*Australian-Macedonian Human Rights Committee*
*Suite 106, Level 1*
*55 Flemington Road*
*North Melbourne, VIC 3108*

*Tel/Fax: (03) 9329 8960*
*info@macedonianhr.org.au*
***http://www.macedonianhr.org.au***

*Забелешка: Одговорите наведени во брошурава се предлози на АМКЧП. Вие сте слободни да одговорите на прашањата како што сакате.*

---

**ПРАШАЊЕ БРОЈ 12:**
**ДРЖАВА ВО КОЈА СТЕ РОДЕНИ**

Ако сте родени во денешната Македонска држава, треба да одговорите:

✎ **"MACEDONIA"** во местото каде е специфирано *"Other – please specify"*


12 In which country was the person born?
• Remember to mark box like this:
Australia ► Go to 14
England
New Zealand
Italy
Viet Nam
Scotland
Greece
Other – please specify
MACEDONIA

<u>Важна информација!</u>
Иако сте биле родени во времето кога Македонската држава беше дел од Југославија, многу е важно да **НЕ** одговорите на ова прашање со одговор „Југославија“. Постој посебна категорија за ова прашање и со ваков одговор вашата родна земја **НЕМА** да биде забележана како „Македонија“.

## ПРАШАЊЕ БРОЈ 12:
## ДРЖАВА ВО КОЈА СТЕ РОДЕНИ

*Следната информација на прашањето број 12 се однесува за оние што се родени во Егејска Македонија или Пиринска Македонија.*

Ако одговорите „Егејска Македонија“ или „Пиринска Македонија“ ќе бидете забележани како да потекнувате од Македонската држава. Многу е важно да **НЕ** одговорите вака на ова прашање.

За да се истакне дека постојат Македонци надвор од границите на Македонската држава, мора да одговорите точно.

Значи, ако сте родени во Грција:

✐ Забележете “**Greece**”


12 In which country was the person born?
• Remember to mark box like this: ▬

- Australia ► Go to 14
- England
- New Zealand
- Italy
- Viet Nam
- Scotland
- ▬ Greece
- Other – please specify

Важна информација! Со тоа што одговоривте „Грција“ **НЕ ЗНАЧИ** дека декларирате грчко етничко потекло. Има посебно прашање за етничко потекло каде што ќе можете да напишете „македонско.“

---

## ПРАШАЊЕ БРОЈ 16: ЈАЗИК

Ако зборувате македонски, без разлика колку добро, треба да одговорите:

✐ “**MACEDONIAN**” во местото што е специфирано *“Other – please specify”*.


16 Does the person speak a language other than English *at home*?
• Mark one box only.
• If more than one language other than English, write the one that is spoken most often.
• Remember to mark box like this: ▬

- No, English only ► Go to 18
- Yes, Italian
- Yes, Greek
- Yes, Cantonese
- Yes, Arabic
- Yes, Vietnamese
- Yes, Mandarin
- Yes, other – please specify

MACEDONIA
N

## ПРАШАЊЕ БРОЈ 18: ПОТЕКЛО

Без разлика каде сте родени (Македонија, Грција, Австралија или било каде) вашето етничко потекло е **македонско**.

За ова прашање се брои до три генерации наназад (родители, баби и дедовци, или прабаби и прадедовци).

✐ Напишете “**MACEDONIAN**” во местото обележано *“Other – please specify”*.


18 What is the person's ancestry?
• Provide up to two ancestries only.
• Examples of 'Other – please specify' are: GREEK, VIETNAMESE, HMONG, DUTCH, KURDISH, MAORI, LEBANESE, AUSTRALIAN SOUTH SEA ISLANDER.
• See page 7 of the Census Guide for more information.
• Remember to mark boxes like this: ▬

- English
- Irish
- Italian
- German
- Chinese
- Scottish
- Australian
- Other – please specify

MACEDONIA
N

---

## ПРАШАЊЕ БРОЈ 19: РЕЛИГИЈА

**Ако** се идентификувате со македонската православна религија тогаш треба да одговорите на ова прашање:

✐ “**MACEDONIAN ORTHODOX**” во местото обележано како *“Other – please specify”*.


19 What is the person's religion?
• Answering this question is OPTIONAL.
• Examples of 'Other – please specify' are: SALVATION ARMY, HINDUISM, JUDAISM, HUMANISM.
• If no religion, mark the 'No religion' box.
• Remember to mark box like this: ▬

- Catholic
- Anglican (Church of England)
- Uniting Church
- Presbyterian
- Greek Orthodox
- Buddhism
- Baptist
- Islam
- Lutheran
- Other – please specify

MACEDONIA
N ORTHODO
X

- No religion

Ве молиме да забележите дека ако одговорите само „Orthodox“, постои посебна категорија за ова прашање и **НЕМА** да бидете забележани како верник на македонската православна религија.

**Исто така** ако се идентификувате со друга религија (на пример: методистичка, исламска, итн) тогаш ќе треба да назначите која.